# РЕЦЕНЗИЈА ОД КАТЕРИНА МИТЕВА ЗА ТРУДОТ НА Д-Р ДИМКА МИТЕВА – „ТОЛКОВЕН РЕЧНИК НА ЦЕПЕНКОВИТЕ ПРИКАЗНИ“

Проектот „Толковен речник на Цепенковите приказни, единичен труд, од д-р Димка Митева, отпрвин бил замислен да излезе во четири печатени томови. Меѓутоа претставувањето на трудот во електронска верзија наметнало поинаква распределба на томовите: I (А–Г), 477 стр., II (Д–З), 559 стр., III (Ѕ–М), 700 стр., IV (Н–О), 678 стр., V (П), 647 стр., VI (Р–Ш), 715 стр. и VII том Прилози, околу 300 страници неформатирани. Авторката на овој конкурс на Министерството за култура на Република Северна Македонија за 2020 год. ги пријавила првите два тома: зборовите со почетни букви: I (А–Г), 477 стр. и II (Д–З), 559 стр.

Трудот почнува со опширен Предговор во кој се дадени основните податоци на обработката на зборовите, содржани во Цепенковите приказни (дел втори од Предговорот), а завршува со седмиот том во којшто се поместени прилози за Марко Цепенков. Посебно се зборува за големиот влог на Марко Цепенков во културата на македонскиот народ и македонскиот јазик (дел први од Предговорот).

Во својата рецензија за овој труд научниот советник Тодор Димитровски (сега покоен) ќе напише, во далечната 1995 година, дека „Трудот Толковен речник на Цепенковите приказни е оригинален, по начинот и квалитетот на обработката..., во него се применети современите принципи на обработката на лексиката... Појавата на овој речник ќе предизви-

ка несомнен интерес кај научната јавност. Прво ќе покаже дека и кај нас веќе се појавуваат трудови во кои на современ начин се обработува лексиката на македонскиот јазик. Врз трудови како овој на д-р Димка Митева ќе се образуваат идните наши проучувачи на лексиката на македонскиот јазик, зашто трудот на д-р Димка Митева е во права смисла толковен речник. Д-р Митева изнесе на показ еден фонд од над 10.000 зборови и имиња употребувани во 19-тиот век, ги обработи, ги посочи нивните значења, ги илустрира нив со погодни примери и ја покажа нивната употреба и нивното сврзување со други зборови.“

Тргнувајќи од фактот дека трудот „Толковен речник на Цепенковите приказни“ е комплетно завршен уште пред 25 години пожелно е Министерството за култура на Република Северна Македонија да собере финансиски сили и оваа година да ги финансира барем двата предложени тома, првиот (А–Г) и вториот (Д–З), над 1.000 страници текст.

Скопје, октомври 2019 г.

Рецензент,
Катерина Митева